

ИЗДАНИЕ БР. 51,
МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2023

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРИСТАПНА УЛИЦА, ОДНОСНО КРАК ОД УЛ. ДИСАНСКА, ДО ПАРКИНГОТ ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ - ГРАДСКИ ПАРК, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕА ПОСТАВЕНИ ИВИЧЊАЦИ, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА 2023 ГОДИНА
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.







ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ СЕ ПРОДОЛЖУВА СО САНИРАЊЕ, ОДНОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРОКОПИ НАПРАВЕНИ ПРИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА НА РАЗЛИЧНИ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.

СПРОВЕДЕНО Е ТРЕТОТО АВИОНСКО ПРСКАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ. СО ТРЕТИРАЊЕТО БЕШЕ ОПФАТЕНО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ОД С. МАРЕНА, ЦЕЛОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, С. ВАТАША ПА СЕ ДО БРАНА МОКЛИШТЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТАТА Е ФИРМАТА БОНИЕР ОД КУМАНОВО.





СЛУЖБИ ОД ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ РАБОТЕА НА ОСВЕТЛУВАЊЕ НА КРСТОТ ВО НАСЕЛБАТА ГОЛЕШ.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПРИСУСТВУВАШЕ НА ПРОМОЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ВО НОВ ОБЈЕКТ И ОПРЕМА ЗА ПРИЕМ И ПРИМАРНА ПРЕРАБОТКА НА ГРОЗЈЕ, ВО В.В ТИКВЕШ КАВАДАРЦИ. ВО ОВАА ПРИЛИКА ТОЈ ИЗЈАВИ:

„ЧЕСТ МИ Е ШТО СУМ ДЕНЕС ДЕЛ ОД ОЗНАЧУВАЊЕТО НА ОВАА ЗНАЧАЈНА ИНВЕСТИЦИЈА ВО НАШАТА НАЈГОЛЕМА И НАЈУСПЕШНА ВИНАРНИЦА, ВИНАРСКАТА ВИЗБА „ТИКВЕШ", ПО КОЈА Е ПРЕПОЗНАТЛИВ НЕ САМО ГРАДОТ КАВАДАРЦИ, ТУКУ ЦЕЛАТА МАКЕДОНСКА ВИНСКА ИНДУСТРИЈА. АКО ФРАНЦИЈА ГО ИМА БОРДО, ИТАЛИЈА ЈА ИМА ТОСКАНА, СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ЈА ИМААТ НАПА, НИЕ ГО ИМАМЕ ТИКВЕШКОТО ВИНОГОРЈЕ. СМЕСТЕНИ СМЕ ВО СРЦЕТО НА НАЈПОЗНАТИОТ МАКЕДОНСКИ ВИНСКИ РЕГИОН И САМОТО СПОМНУВАЊЕ НА ТИКВЕШ ВЕДНАШ СЕ ПОВРЗУВА СО ВЕКОВНАТА ТРАДИЦИЈА НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО ШТО СЕ НЕГУВА ТУКА И ОД КОЈА ЕГЗИСТИРААТ ГОЛЕМ БРОЈ СЕМЕЈСТВА ВО КАВАДАРЦИ. ТРАДИЦИЈАТА ИМА ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ, И Е НЕПРОЦЕНЛИВО БОГАТСТВО НА ЕДЕН НАРОД. НО САКАМЕ ДА ВМЕТНЕМЕ НЕШТО НОВО, НЕШТО НАШЕ, ШТО ЌЕ ГО СЛЕДАТ И ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ".

А ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА Е ЧЕКОР ТОКМУ ВО ТОЈ ПРАВЕЦ, ЗАТОА ШТО ГО ЗГОЛЕМУВА КАПАЦИТЕТОТ ЗА ПРИЕМ И ПРЕРАБОТКА НА ПРЕМИУМ ВИНО. СО СВОИТЕ КОНТИНУИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ОПРЕМА, ТЕХНОЛОГИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ВИНАРНИЦАТА, НО И СО СИТЕ ДРУГИ АКТИВНОСТИ ШТО ГИ ПРЕЗЕМА ЗА ДА ОБЕЗБЕДИ ВИСОКО КВАЛИТЕТНО ГРОЗЈЕ, „ТИКВЕШ" ГИ ПОДИГА СТАНДАРДИТЕ И Е ОСНОВЕН ДВИГАТЕЛ НА ЦЕЛАТА ИНДУСТРИЈА. СЕТО ОВА ИМА ГОЛЕМ ПРИДОНЕС КАКО ЗА ЦЕЛОКУПНАТА ВИНСКА ИНДУСТРИЈА, ТАКА И ЗА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ. ВИНАРСКАТА ВИЗБА „ТИКВЕШ" ИМА ВИСТИНСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ДОЛГОРОЧЕН ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ШТО ДОСЛЕДНО ЈА СПРОВЕДУВА ЗНАЕЈЌИ ДЕКА Е ТОА ВИСТИНСКИОТ ПАТ ЗА ПРОСПЕРИТЕТ НА КОМПАНИЈАТА И ЗА СИТЕ ПОВРЗАНИ СО НЕА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ ЛОЗАРИТЕ, НА КОИ ИМ Е ОД ИНТЕРЕС ДА СЕ ПРИКЛУЧАТ КОН СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ, ЗАТОА ШТО ТОА НОСИ И ПОВИСОКИ ЦЕНИ НА ГРОЗЈЕТО. ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ШТО ИМАМЕ ВАКОВ ПАРТНЕР ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ЗА ГРАЃАНИТЕ. ИМА ГОЛЕМ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА СОРАБОТКА И ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ СО КОИ ПОНАТАМУ ЌЕ СЕ РАЗВИВА ВИНАРСТВОТО И ЛОЗАРСТВОТО, НО И ВИНСКИОТ ТУРИЗАМ. ЧЕСТИТКИ ЗА ОВАА ГОЛЕМА ИНВЕСТИЦИЈА И НА „ТИКВЕШ" МУ ПОСАКУВАМЕ ПОНАТАМОШЕН УСПЕХ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ




ТРИТЕ ПОРТАЛИ НА ВЛЕЗОВИТЕ ВО ГРАДОТ КОИ ПРЕД СЕ ИМААТ ИНФОРМАТИВЕН КАРАКТЕР, ГО НАЈАВИЈА ОВОГОДИНЕШНИОТ ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР ДЕНОВИТЕ 8, 9 И 10 -ТИ СЕПТЕМВРИ,.

ПРОДОЛЖУВА ПОСТАВУВАЊЕТО НА МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ ЗА МОНТИРАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА, НА ПАТОТ ОД СЕЛО РЕСАВА КОН С.БЕГНИШТЕ, СЕ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈЛДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА КОЈА Е СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 6000МЕТРИ Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ МОНТИРА ВО СОРАБОТКА СО ТППЕ КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.



КОМПЛЕТНО Е ЗАВРШЕНО ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ПАРК ПОЛАНА, НА КОЕ ПРЕТХОДЕШЕ БЕТОНИРАЊЕ, ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА И МОНТАЖА НА НОВИ И РЕПАТАРИРАНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ ДООЕЛ.







ВО АТАРОТ НА СЕЛО БЕГНИШТЕ ПРОДОЛЖИ МОНТИРАЊЕТО НА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА, ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ И ТППЕ КАВАДАРЦИ. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈЛДП, СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА КЕДИНГ ОД СКОПЈЕ И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО ДЕЛОТ НА КАСТРЕЊЕ И КОСЕЊЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАН Е КРАК ОД УЛ.ДОНЕ ПОПОВ, ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА, ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ ПОСТАВИ ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ПРОБИВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. ДАНКО ДАФКОВ ВО ДОЛЖИНА ОД 400МЕТРИ И ОДВОДНУВАЊЕ НА ИСТАТА СО ДВА ПРОПУСТИ.СО ПРОБИВАЊЕТО ЌЕ СЕ РЕШИ ПРОБЛЕМОТ НА МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД НАИДУВАЊЕ НА ГОЛЕМО КОЛИЧЕСТВО НА ВОДА ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРЕМЕ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗВЕДБА НА ПРОПУСТ НА РЕКАТА БЛАШНИЦА КАЈ С. КЛИНОВО, СО ШТО БИ СЕ ОВОЗМОЖИЛ ПРИСТАП ПО КОПНЕН ПАТ ДО СЕЛО КЛИНОВО И МЕСНОСТА БЛАШНИЦА.

ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА 2023!

ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ ЗА МОНТИРАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА, ДЕНЕС ВО АТАРОТ НА СЕЛО РЕСАВА СЕ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ.

ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈЛДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА КОЈА Е СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 6000МЕТРИ Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ МОНТИРА ВО СОРАБОТКА СО ТППЕ КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ РАБОТЕШЕ НА САНАЦИЈА НА ОШТЕТЕНИОТ КОЛЕКТОР ВО СЕЛО МАРЕНА.
ВО САНАЦИЈАТА СО ДОНАЦИЈА СЕ ВКЛУЧЕНИ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИТЕ КОМПАНИИ ЈА МИ И АС МАШИНИ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.







ПОРАМНУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ДРЕНОВО, СО ШТО ЗАВРШИ ПРВАТА ФАЗА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА, ДОДЕКА ВО ВТОРА ФАЗА СЛЕДУВА НОСЕЊЕ НА МИЛ И ПЕСОК, ПОСТАВУВАЊЕ НОВ ВОДОВОДЕН СИСТЕМ И ДРЕНАЖА.

РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ, КОСЕЊЕ И НАВОДНУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКИОТ ТЕРЕН ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ.





ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПОСТАВУВАЊЕТО НА НОВА УРБАНА ОПРЕМА - КЛУПИ, НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е МЕТАЛ АПОСТОЛОВ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА НА УЛ. ЛАЗО АСИЈАТА ВО ДОЛЖИНА ОД 80 МЕТРИ, СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ.

ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈПДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ МОНТИРА ВО СОРАБОТКА СО ТППЕ КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВТОРПАТ УЧЕСТВУВАШЕ ВО ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2023 ОРГАНИЗИРАН НАСТАН, КАДЕ ШТО СЕ СОБИРАШЕ И СЕЛЕКТИРАШЕ ОТПАД ВО ПОВЕЌЕ ДЕЛОВИ ОД ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ. ОД СТРАНА НА ОРАГНИЗАТОРИТЕ БЕА ВРАЧЕНИ БЛАГОДАРНИЦИ НА УЧЕСНИЦИТЕ - ЕЛС ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЈП КОМУНАЛЕЦ, НЕВЛАДИНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЕКО ЖИВОТ И СИТЕ СРЕДНИ И ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА.

СЕ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛ. БРАЌА ЏУНОВИ, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



РЕЧЕНО СТОРЕНО!

ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА СЕЛО СОПОТ, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЦРКВАТА СВЕТИ АТАНАСИЈ, КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА ГО ДОНИРАШЕ ПОТРЕБНИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА САНАЦИЈА НА ПОКРИВОТ И НАСТРЕШНИЦА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕЛО ДРЕНОВО ДОБИВА ДЕТСКА ГРАДИНКА!
РЕКОНСТРУКЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ОБЈЕКТ ВО СЕЛО ДРЕНОВО, КОЈ ЌЕ ПРЕМИНЕ ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА КАКО ПРОЕКТ КОЈ Е ДЕЛ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АРТ ИНЖЕНЕРИНГ СЕЛО БЕЛИЦА, МАКЕДОНСКИ БРОД.







ВО ТЕК Е МОНТИРАЊЕ НА ЛЕКСАН НА ОБЈЕКТ „ЦВЕЌАРА" КОЈ Е ВО СОПСТВЕНОСТ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, И ИСТИОТ ЌЕ БИДЕ НАМЕНЕТ ЗА СОПСТВЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЦВЕЌЕ НАМЕНЕТО ЗА ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДОТ.

СЕЛО ВОЗАРЦИ ДОБИВА СПОРТСКА САЛА!
УШТЕ ЕДНО ПРЕДИЗБОРНО ВЕТУВАЊЕ СТАНУВА РЕАЛНОСТ!
ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2 КОЈА ЌЕ БИДЕ ВО СКЛОП НА ПОДРАЧНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР". ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.






ЈП КОМУНАЛЕЦ РАБОТИ НА УЛ. ДЕШКА ТОШЕВА, КАДЕ СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 30 МЕТРИ, ПО ШТО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ПРОДОЛЖИ СО УРБАНО УРЕДУВАЊЕ ОДНОСНО ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ НА ИСТАТА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРЕД И ПОТОА!
ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ОФОРМУВАЊЕТО НА КРАЦИТЕ ОД УЛ. 25 МАЈ ВТОРА ФАЗА, КРАЦИТЕ 1,2,3 И 4 НА КОИ Е ЗАВРШЕНО ПОСТАВУВАЊЕТО НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ, АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА. СЛЕДНА ФАЗА Е ПОСТАВУВАЊЕ НА ИВИЧЊАЦИ И ТАМПОНИРАЊЕ.

ИНВЕСТИЦИЈАТА ВО ВИСИНА ОД 19.000.000 ДЕНАРИ Е 70 ПРОЦЕНТИ РЕАЛИЗИРАНА.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ЕДИНСТВЕНА ОПШТИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОЈА ИЗМИНАТАТА ГОДИНА ПОСТАВИ ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА СИТЕ ЈАВНИ ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТИ СО ВКУПНА ИНСТАЛИРАНА МОЌ ОД 19,2 КИЛОВАТИ НА ЧАС.
НА СЛИКИТЕ ВО ПРИЛОГ МОЖЕМЕ ДА ЈА ВООЧИМЕ МОЌНОСТА ОД ФОТОВОЛТАИЦИТЕ, МОМЕНТАЛНАТА МОЌНОСТ НА ПОТРОШУВАЧИ И МОЌНОСТ КОН/ ОД МРЕЖА ЗА СЕКОЈ ОБЈЕКТ И СЕКАКО ЕДЕН ПРИКАЗ ДЕКА ОПШТИНСКИТЕ ОБЈЕКТИ САМИ ОБЕЗБЕДУВААТ ВКУПНО 99 ПРОЦЕНТИ ОД ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА.
ВО КАВАДАРЦИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВАКВИОТ ИНОВАТИВЕН ПРОЕКТ ПРИДОНЕСЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ПОДОБРУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ, НАПРЕДОК ВО ОБРАЗОВАНИЕТО БИДЕЈЌИ ОВИЕ ПАНЕЛИ РАБОТАТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА.
КАВАДАРЦИ УШТЕ ЕДНАШ, СО ОВА ПОКАЖА ДЕКА СО ДОМАЌИНСКО РАБОТЕЊЕ И СО НЕЗНАЧИТЕЛНИ СРЕДСТВА СЕПАК, ПРОИЗЛЕЗЕ БЕНЕФИТ КОЈ ШТО ГО КОРИСТАТ ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.







ПО ВТОРПАТ ЗА ОВАА ГОДИНА СЕ ИЗВРШИ ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ГРАДОТ, КАДЕ ПЛАНИРАНО Е ДА БИДАТ ТРЕТИРАНИ СО МАМЦИ НАД 1000 ШАХТИ ОД ФЕКАЛНАТА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА. ВО МЕЃУВРЕМЕ БЕШЕ ИЗВРШЕНА И ДЕЗИНСЕКЦИЈА НА ПРОСТОРОТ ОКОЛУ ЗГРАДИ НА УЛ. ИЛИНДЕНСКА КАДЕ ШТО ИМАШЕ НАЕЗДА НА БОЛВИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ СКОПЈЕ







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ
СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО СОРАБОТКА СО ЈП ПАРКИНГ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НОВОПРОБИЕНИОТ КРАК НА УЛ. 25 МАЈ И ТОА ЧЕТИРИ КАНДЕЛАБРИ И ЧЕТИРИ СВЕТИЛКИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРЕНАМЕНА НА ПОСТОЈАН ОБЈЕКТ НА УЛ.7 СЕПТЕМВРИ ВО КАВАДАРЦИ. НАМЕНАТА НА ОВОЈ ОБЈЕКТ ЌЕ БИДЕ ОД СОЦИЈАЛЕН КАРАКТЕР И ИСТИОТ ВКЛУЧУВА ШЕСТ АПАРТМАНИ.

ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 6.322,282,77 ДЕНАРИ СО ВКЛУЧЕН ДДВ ОД КОИ 3.376.361,00 ДЕНАРИ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ И УЧЕСТВО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ИЗНОС ОД 2.945.921,77 ДЕНАРИ.

ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ ОД КАВАДАРЦИ.



ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. ЈОВАНЧЕ ВЕЛКОВ, ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

КОНТИНУИРАНО ПОДОБРУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ
СЛУЖБИТЕ ОД УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЈП ПАРКИНГ РАБОТАТ НА ПРОМЕНА НА ПОСТОЕЧКОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ СО НОВО НА ДЕЛ ОД УЛИЦИТЕ „МЕТОДИЈА ЦУНОВ ЦИКОТ", „12 ДРУГАРИ" И „КЛИНСКА".



# НАСТАНИ

СРЕЌНО ПРВАЧИЊА!
СРЕЌНО УЧЕНИЦИ!
УСПЕХ И ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ!




ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА КАВАДАРЦИ ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 9-ТИ СЕПТЕМВРИ СВЕТСКИОТ ДЕН НА ПРВАТА ПОМОШ ГО ОРГАНИЗИРАШЕ НАСТАНОТ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ПОД МОТОТО "ПРВА ПОМОШ ДОСТАПНА ЗА СИТЕ/ ПРВА ПОМОШ ВО ДИГИТАЛНИОТ СВЕТ". УЧЕСТВО ЗЕМАА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЕКИПИТЕ ЗА ПРВА ПОМОШ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗАЕДНО СО НИВНИТЕ МЕНТОРИ И ДОКТОРИ ВОЛОНТЕРИ ВО ЦРВЕН КРСТ КАВАДАРЦИ.




ЧЕСТИТ ПРАЗНИК УБАВО КАВАДАРЦИ!

79 ГОДИНИ СЛОБОДНО КАВАДАРЦИ!

ПОЛОЖУВАЊЕ НА ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ, КОИ СВОИТЕ ЖИВОТИ ГИ ДАДОА ЗА НИВНИТЕ ПОТОМЦИ, ЗА НАС, ЗА ОВА ШТО СМЕ ДЕНЕС. НЕКА НИ Е СРЕЌЕН И ВЕЧЕН ПРАЗНИКОТ!

ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!




# НАСТАНИ

СО ХУМАНИТАРНА ИЗЛОЖБА И ПЕРФОРМАНС НА ТРАДИЦИОНАЛНИ СВАДБЕНИ ОБИЧАИ ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ - КАВАДАРЦИ ГО ОДБЕЛЕЖА СВОЈОТ ТРИГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ ОД НЕГОВОТО ОТВАРАЊЕ.



БЛАГОДАРНОСТ ДО РОДНОКРАЈЦИ - ЉУБИТЕЛИ НА УМЕТНОСТА И КУЛТУРАТА И НВО НОВА ЦИВИСТА ОД КАВАДАРЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА.

ГОРДИ СМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ЗА ОВИЕ ТРИ ГОДИНИ 11 000 ПОСЕТИТЕЛИ И ПРЕКУ 100 МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ЈА ИСПИШУВАМЕ ОВАА УСПЕШНА ПРИКАЗНА И ПОНАТАМУ..

ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕЗ КОИ ОВАА УСПЕШНА ПРИКАЗНА НЕМАШЕ ДА БИДЕ ЈАВЕ.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ!

ВО ЧЕСТ НА ПРАЗНИКОТ НА НАШИОТ ГРАД, 79 ГОДИНИ ОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КАВАДАРЦИ, ВО МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ИЗЛОЖБАТА НАСЛОВЕНА „ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ" ОД НАШИТЕ СОГРАЃАНИ ТОНИ КОЦЕВ И ЃОРЃИ КОЦЕВ.

ЧЕСТИТКИ И ЗА МНОГУ ГОДИНИ!





ЧЕСТИТ 8 СЕПТЕМВРИ, ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!
КОН НИВ, КОН ТИЕ ШТО СЕ БОРЕЛЕ И ГИ ДАЛЕ СВОИТЕ ЖИВОТИ ЗА НАШАТА ЗЕМЈА, ИМАМЕ ДОЖИВОТНА ОБВРСКА ДА ЈА САКАМЕ И ЧУВАМЕ НАШАТА ТАТКОВИНА.
ЗА МНОГУ ГОДИНИ МАКЕДОНИЈО!



# НАСТАНИ

ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА СЕДНИЦА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА КОМУНАЛНИ ИНСПЕКТОРИ НА Р.М ПО ШТО СЛЕДУВАШЕ ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ПРИМАРНА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАДОТ ВО СОРАБОТКА СО ПАКОМАК И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КОЈА БЕШЕ НАМЕНЕТА ЗА ДЕЦАТА ВО ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ, ОДНОСНО ДЕЦАТА ОД ГРАДИНКИТЕ (ГОЛЕМА ГРУПА) И УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА (ОД ПРВО ДО ПЕТТО) ОДДЕЛЕНИЕ.
ОВАА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ИМАШЕ ЕДУКАТИВНА СОДРЖИНА ВО ВРСКА СО СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАДОТ ЗА СТАКЛО ( ЗЕЛЕНИ КОНТЕЈНЕРИ -ЗВОНА) НА ХАРТИЈА И ТЕТРАПАК ПАКУВАЊА И СЕ ШТО Е ОД ХАРТИЈА (СИНА БОЈА КОНТЕЈНЕРИ), ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА, АЛУМИНИУМСКИ ЛИМЕНКИ (ЖОЛТА БОЈА КОНТЕЈНЕРИ) ДОДЕКА СЕ ДРУГО ШТО НЕ Е ХАРТИЈА, СТАКЛО И ПЛАСТИКА СЕ ОДЛАГА ВО ОБИЧНИТЕ КОНТЕЈНЕРИ (МЕТАЛНА СИВА БОЈА) КОМУНАЛЕН ОТПАД. ЦЕЛТТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ КОЈ Е НАРЕЧЕН „СО СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ОТПАДОТ ДО ПОЧИСТА СРЕДИНА" Е ПОДИГНУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ НА ГРАЃАНИТЕ, ШТО ЌЕ ПОТТИКНЕ ДА СЕ НАМАЛАТ КОЛИЧИНИТЕ НА ОТПАД И ВОЕДНО ДА СЕ ДОБИЕ ФИНАНСИСКИ БЕНЕФИТ ОД СЕЛЕКТИРАНИОТ ОТПАД ЗА САМАТА ОПШТИНА .






ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СТОЈАНЧЕ РАМОВ, ИМАШЕ РАБОТНА СРЕДБА СО АМБАСАДОРКАТА НА ШВАЈЦАРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА, Н.Е ВЕРОНИК ХУЛМАН.
НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ПОЛИТИЧКАТА СОСТОЈБА ВО НАШАТА ДРЖАВА, КАКО И ЗА НИВНОТО ВИДУВАЊЕ ВО ВРСКА СО РЕФОРМИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА. МЕЃУДРУГОТО СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА СИТЕ РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО СОРАБОТКА СО ШВАЈЦАРСКА АМБАСАДА, НО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ СЕ СТАВИ НА ИЗГРАДБАТА НА РЕГИОНАЛНИОТ СТАЦИОНАР ЗА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ, КАКО И МОЖНОСТИТЕ ЗА ИДНА СОРАБОТКА.



РАБОТЕН СОСТАНОК ЗА ПРОЕКТОТ ПОТТИКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИОТ АНГАЖМАН ВО ЛОКАЛНОТО ВЛАДЕЕЊЕ - „ЛОКАЛНИ АКТИВНИ МЕДИУМИ".
ВО МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР ВО КАВАДАРЦИ БЕШЕ ПРЕТСТАВЕНА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ОНЛАЈН МЕДИУМ НА ЗАЕДНИЦАТА ЛОКАЛ АКТИВ ЗА ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН, КОЈ ЌЕ БИДЕ МЕДИУМ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ЦЕЛИОТ РЕГИОН. СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЌЕ ИМААТ УЧЕСТВО ВО СОЗДАВАЊЕ НА СОДРЖИНИ ЗАЕДНО СО НОВИНАРИ, А ПОТОА ВРЗ ОСНОВА НА ОБЈАВЕНИТЕ СТОРИИ ЌЕ РАБОТАТ НА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ЗА КОИ ПИШУВАЛЕ. ЗА ОПШТИНСКИТЕ ВЛАСТИ, ЛОКАЛ АКТИВ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ДО ПОЕФИКАСНО ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ.





# НАСТАНИ

ДЕТСКАТА НАСМЕВКА Е НЕПРОЦЕНЛИВА.
ПРОЕКТОТ „БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ" КОЕ ГИ ОПФАЌА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО СИТЕ ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ И ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА, УСПЕШНО СЕ ИМПЛЕМЕНТИРА И ОД ПОЧЕТОКОТ НА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА, КОН ШТО И СЕ СТРЕМИМЕ КАКО ОПШТИНА И ИСТИОТ СЕ РЕАЛИЗИРА СОГЛАСНО ПРЕТХОДНО РЕГУЛИРАНИТЕ ЗАКОНСКИ ПОСТАПКИ ЗА ЗАШТИТА НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ. СО ОВОЈ ПРОЕКТ ВКУПНО ОПФАТЕНИ СЕ 1810 УЧЕНИЦИ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ. МЕНИТО Е НУТРИЦИОНИСТИЧКИ ИЗГОТВЕНО И ВКЛУЧУВА РАЗНОВИДНА ХРАНА, ПИЈАЛОК И ОВОШЈЕ.





ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ - КАВАДАРЦИ БЕШЕ ДОМАЌИН НА ПОТПИШУВАЊЕТО НА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЗДРУЖЕНИЕТО СВЕТИ ТРИФУН ОД СКОПЈЕ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ГО ПОТПИШАА Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ПРТСЕДАТЕЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО СВЕТИ ТРИФУН Г-ДИН САШКО ПОП АНГЕЛОВ.
НА НАСТАНОТ БЕШЕ ПРОМОВИРАН И ВИДЕО МАТЕРИЈАЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО , КАКО И ПОВЕЌЕ АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ПРОМОЦИЈА НА ВИНСКИОТ ТУРИЗАМ ПОМЕЃУ МУЗЕЈОТ И ЗДРУЖЕНИЕТО.






ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА КОВИН И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЗА ПРВ ПАТ НАЈАВИВМЕ НАСТАН "ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА" КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ОТВОРЕН БАЛКАН ВО КОВИН, РЕПУБЛИКА СРБИЈА (ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДЕГУСТАЦИЈА НА ТРАДИЦИОНАЛА ХРАНА, ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДЕГУСТАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ ОД ГРОЗЈЕ (ОД СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ) ИЗЛОЖБА НА МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ, МАКЕДОНСКА МУЗИКА, ПРОЕКЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ ФИЛМОВИ, ТЕАТАРСКА ПРЕСТАВА, ФЕСТИВАЛ НА ТРАДИЦИОНАЛНИ ПЕСНИ СРМА)

# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023

ТРАДИЦИОНАЛНО И ОВАА ГОДИНА НА ПРВИОТ ГРОЗДОБЕРСКИ ДЕН, СЕ ОДДРЖА КОШАРКАРСКИОТ ТУРНИР ВО ЧЕСТ НА СЕСТРИ КИТЕВИ. ОВАА ГОДИНА УЧЕСТВО ЗЕМАА 3 ЕКИПИ.





ЗА ДОБРЕДОЈДЕ, БЕЛО И ЦРНО ГРОЗЈЕ ОД ТИКВЕШКОТО ПОЛЕ
ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023







ДОБРЕДОЈДОВТЕ НА ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023-ТА ГОДИНА!
НЕКА НИ Е ЧЕСТИТ ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА!
А ВЕЧЕРТА ЈА ОТВОРИ ЕДИНСТВЕНАТА - АНДРИЈАНА ЈАНЕВСКА!



ВЕЧЕРТА ПРОДОЛЖИ СО НЕПОВТОРЛИВИОТ...... СЛАТКАРИСТИКААА! ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023!





НА НАШЕ ОГРОМНО ЗАДОВОЛСТВО, НА СЦЕНАТА НА ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР ВО КАВАДАРЦИ НАСТАПИЈА ДОЛГООЧЕКУВАНИТЕ... Д Н К!

ТАА Е ГЛАСОТ НА НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА! СО НЕА ЈА ЗАТВОРИВМЕ ПРВАТА ГРОЗДОБЕРСКА ВЕЧЕР!
ЗЕРА!





СОБИР НА МОТО РЕЛИ!
ТРАДИЦИОНАЛНО КАКО И СЕКОЈА ГОДИНА , МОТОРЏИИТЕ ПРИСТИГНАА ВО КАВАДАРЦИ.
МОТО ПРИКАЗНА ПОД ОТВОРЕНО НЕБО!

# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ ИМАШЕ ПРИЕМ НА ГОСТИ И ДЕЛЕГАЦИИ ВО ПРИЈАТНА АТМОСФЕРА , ДОБРА МУЗИКА И ВКУСНА ХРАНА!
ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023 НАЗДРАВЈЕ!






СЕКОЈА КАРНЕВАЛСКА ГРУПА СО СВОЈА ПРИКАЗНА, СЕКОЈА УБАВА НА СВОЈ НАЧИН. ТРАДИЦИОНАЛНИОТ КАРНЕВАЛ И ОВАА ГОДИНА СО НАД 700 УЧЕСНИЦИ, И 40 КАРНЕВАЛСКИ ПОСТАВКИ ПРОДЕФИЛИРАА НИЗ УЛИЦИТЕ НА КАВАДАРЦИ, А КРАЛОТ И КРАЛИЦАТА ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ДЕЛ ОД ГОСТИТЕ ГО ОТКИНАА ПРВИОТ ГРОЗД.
ЗА МНОГУ ГОДИНИ!





ВТОРАТА ГРОЗДОБЕРСКА ВЕЧЕР ЈА ОТВОРИ РАКИЧЕВИЌ БАРБАРА



ЈА ПОЗДРАВИВМЕ НА СЦЕНАТА НАШАТА СТАНОЈКОВИЌ МАРТИЈА!
ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023




ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР КАВАДАРЦИ!
ЗА ВАС...

ХАРИС ЏИНОВИЌ!

ХАЛИД БЕШЛИЌ!

ТРАДИЦИОНАЛНА ТАБЛИЈАДА ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА!
ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ТУРНИР ВО „ТАБЛА“ КОЈ Е ВО РАМКИТЕ НА ГРОЗДОБЕРОТ И ОВАА ГОДИНА Е СО 46 УЧЕСНИЦИ, НА ИСТИОТ ПРИСУСТВУВАШЕ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРВИ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ, А ПРВО МЕСТО ОСВОИ ДРАГАН ГАНО БОШКОВ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СОПРУГАТА ВЕСЕЛКА, НЕГОВИТЕ ДВЕ ДЕЦА СТОЈАНЧЕ И МИЛА, И СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ ГО СЛЕДЕА ТРАДИЦИОНАЛНОТО ДЕТСКО ДЕФИЛЕ
ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023!



# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2023



ПРВА НАСТАПИ
ЛИНА ПЕЈОВСКА!



ДАРКО ЛАЗИЌ
НА ТИКВЕШКИ
ГРОЗДОБЕР 2023!



ЗА КРАЈ !
ЗА НАШАТА ПУБЛИКА
НАСТАП ИМАШЕ
БАЛКАНСКАТА ДИВА
ЛЕПА БРЕНА!

ИСПИШАВМЕ УШТЕ ЕДНА ПРИКАЗНА ПОД ОТВОРЕНО НЕБО. ВПЕЧАТОЦИТЕ СЕУШТЕ ГИ СУМИРАМЕ, ЗА ОВОЈ ГРОЗДОБЕР УШТЕ ДОЛГО ЌЕ СЕ ЗБОРУВА

МИ ПРЕТСТАВУВА ЗАДОВОЛСТВО ШТО КАВАДАРЦИ УШТЕ ЕДНАШ ПОКАЖА И ДОКАЖА ДЕКА Е ПРИМЕР ЗА ТОА КАКО ТРЕБА ДА СЕ БИДЕ ДОМАЌИН НА ЕДНА МАНИФЕСТАЦИЈА ОД ОВИЕ РАЗМЕРИ. ОТСЕКОГАШ СМЕ ВАЖЕЛЕ ЗА ГОСТОПРИМЛИВ И ТОПОЛ НАРОД И ДРАГО МИ Е ШТО И НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ СЕ ВОСПИТУВААТ НА ТОЈ НАЧИН И ШТО ЗНАЕМЕ КАКО ДА НАПРАВИМЕ, СЕКОЈ ПОСЕТИТЕЛ НА КАВАДАРЦИ ДА СЕ ЧУВСТВУВА УБАВО И БЕЗБЕДНО.

ВО КАВАДАРЦИ И МАКЕДОНИЈА , НО И НА БАЛКАНОТ ВЕЌЕ ВТОР ДЕН ТИКВЕШКИОТ ГРОЗДОБЕР Е ГЛАВНА ТЕМА ВО МЕДИУМИТЕ. ОВА СЕКАКО НЕМАШЕ ДА БИДЕ ВОЗМОЖНО БЕЗ СИТЕ ОНИЕ КОИ СЕ ВКЛУЧИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА И КОИ НАПОРНО РАБОТЕА МЕСЕЦИ НАНАЗАД ЗА СЕ ДА БИДЕ ВО СОВРШЕН РЕД. ТУКА, ПРВО МИСЛАМ НА СИТЕ СЛУЖБИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ТЕКОТ НА СИТЕ ТРИ ДЕНА. ПОТОА НА СИТЕ ПОМАГАТЕЛИ, ПОДДРЖУВАЧИ И ДОНАТОРИ ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ. ВИНАРИИТЕ И УГОСТИТЕЛИТЕ КОИ СЕ ВСУШНОСТ И НОСИТЕЛИ НА ОВОЈ НАСТАН, ВАМ МЕДИУМИТЕ КОИ ГО СЛЕДЕВТЕ СЕКОЕ СЛУЧУВАЊЕ, СЕКОЈ НАСТАН И ИНФОРМИРАВТЕ ЗА ТОА, И СЕКАКО, НАЈГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ НА КАВАДАРЧАНИ КОИ КАКО ШТО РЕКОВ СЕ ПОКАЖАА НЕ САМО КАКО ДОБРИ ДОМАЌИНИ, ТУКУ И УЧЕСНИЦИ, И СЕКАКО БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ И ГОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕА, КОИ ИЗМИНАТИОТ ВИКЕНД ГО ПОМИНАА ВО КАВАДАРЦИ.

ЗА МЕНЕ НАЈВАЖНО Е ТОА ШТО СИТЕ ТРИ ДЕНА БЕШЕ БЕЗБЕДНО ЗА СЕКОЈ И СЕКАДЕ, НЕ Е ЗАБЕЛЕЖАН НИТУ ЕДЕН ГОЛЕМ ИНЦИДЕНТ. КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА БРОЈОТ НА ПОСЕТИТЕЛИ, НЕОФИЦИЈАЛНО, ЗА СИТЕ ТРИ ДЕНА ИМАВМЕ НАД 120 000 ПОСЕТИТЕЛИ ИЛИ МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ. СЕ ЗГОЛЕМУВААТ И КОЛИЧИНИТЕ НА ИСПИЕНО ВИНО, КОИ СПОРЕД УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ВИНАРИИТЕ НАДМИНУВААТ 25 ТОНИ, БЕЛО И ЦРВЕНО ВИНО ОД ТИКВЕШКИОТ КРАЈ. ОВА СЕ НОВИ РЕКОРДНИ БРОЈКИ НА КОИ ШТО СУМ ОСОБЕНО ГОРД.

ОВАА ГОДИНА ГОЛЕМО ВНИМАНИЕ ПРИВЛЕЧЕ И ГОЛЕМИОТ ТИКВЕШКИ КАРНЕВАЛ , СО ГОЛЕМ БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ И НОВИ, УНИКАТНИ КАРНЕВАЛСКИ МАСКИ. ДЕЛЕГАЦИИТЕ И ВИСОКИТЕ ГОСТИ БЕА ВООДУШЕВЕНИ И ГИ ИСПРАТИВМЕ СО ПОЗИТИВНИ ВПЕЧАТОЦИ.

А ДЕТСКОТО КАРНЕВАЛСКО ДЕФИЛЕ БЕШЕ БАЈКА КОЈА ВКЛУЧИ НАД 1200 ДЕЧИЊА КОИ ДОНЕСОА РАДОСТ И НАСМЕВКИ.

ИМАВМЕ УСПЕШНИ И ИСПОЛНЕТИ ТРИ ДЕНА, КУЛТУРНИ, ЗАБАВНИ, МУЗИЧКИ СОДРЖИНИ. ИМАВМЕ ПРОГРАМА ЗА СЕЧИЈ ВКУС. УСПЕШЕН КАРНЕВАЛ, ГОСТИ И ДЕЛЕГАЦИИ ОД СЕКАДЕ, И СЕКАКО ОД ДРЖАВНИОТ ВРВ. ДА НЕ ЗВУЧАМ НЕСКРОМНО. НО МИСЛАМ ДЕКА ГО ИМАВМЕ НАЈУСПЕШНИОТ ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР ДО СЕГА!



СО ПОЧИТ,
ГРАДОНАЧАЛНИК МИТКО ЈАНЧЕВ

ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ БЕА ДОДЕЛЕНИ БЛАГОДАРНИЦИ НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ТИКВЕШКИОТ ГРОЗДОБЕР 2023.

ВО ОВАА ПРИЛИКА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МЕЃУ ДРУГОТО ИСТАКНА ДЕКА ОВА НЕМАШЕ ДА БИДЕ МОЖНО БЕЗ СИТЕ ОНИЕ КОИ СЕ ВКЛУЧИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА И НА КОИ ИМ БЛАГОДАРИ. ТУКА, ПРВО СЕ МИСЛИ НА СИТЕ СЛУЖБИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ТЕКОТ НА СИТЕ ТРИ ДЕНА. ПОТОА НА СИТЕ ПОМАГАТЕЛИ, ПОДДРЖУВАЧИ И ДОНАТОРИ ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ. ВИНАРИИТЕ И УГОСТИТЕЛИТЕ КОИ СЕ ВСУШНОСТ И НОСИТЕЛИ НА ОВОЈ НАСТАН, НА МЕДИУМИТЕ КОИ ГО СЛЕДЕА СЕКОЕ СЛУЧУВАЊЕ, СЕКОЈ НАСТАН И ИНФОРМИРАА ЗА ТОА, И СЕКАКО, НАЈГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ НА КАВАДАРЧАНИ, КОИ КАКО И СЕКОГАШ СЕ ПОКАЖАА НЕ САМО КАКО ДОБРИ ДОМАЌИНИ, ТУКУ И УЧЕСНИЦИ, И СЕКАКО БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ И ГОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕА, КОИ ИЗМИНАТИОТ ВИКЕНД ГО ПОМИНАА ВО КАВАДАРЦИ.



ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НАЈВАЖНО БЕШЕ ТОА ШТО СИТЕ ТРИ ДЕНА БЕШЕ БЕЗБЕДНО ЗА СЕКОЈ И СЕКАДЕ. ИМАВМЕ УСПЕШНИ И ИСПОЛНЕТИ ТРИ ДЕНА, КУЛТУРНИ, ЗАБАВНИ И МУЗИЧКИ СОДРЖИНИ. ИМАВМЕ ПРОГРАМА ЗА СЕЧИЈ ВКУС. УСПЕШЕН КАРНЕВАЛ, ГОСТИ И ДЕЛЕГАЦИИ ОД СЕКАДЕ, И СЕКАКО ОД ДРЖАВНИОТ ВРВ. ИМАВМЕ УСПЕШЕН ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР РЕЧЕ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ. И ЗАТОА ВО ЗНАК НА ПОЧИТ И БЛАГОДАРНОСТ, НА СИТЕ КОИ ИМАА БИЛО КАКОВ ПРИДОНЕС ВО ИСПИШУВАЊЕТО НА ОВАА ПРИКАЗНА ПОД ОТВОРЕНО НЕБО ДЕНЕСКА ИМ БЕА ВРАЧЕНИ БЛАГОДАРНИЦИ!

ДО СЛЕДНИОТ ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР.
НЕКА НИ Е ЗА МНОГУ ГОДИНИ!



Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk